**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот | Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 -делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Јули 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | НЕ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата** (забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

A. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1.Кои се главните проблеми?

Причината за приоритетноста на проектот произлегува од потребата за рехабилитација на железничката пруга на Коридор VIII на делницата Куманово – Бељаковце со должина од 30,8 км. Коридорот VIII е еден од десетте Пан – Европски коридори кој ги поврзува Јадранското и Црното Море. Со воспоставување на овој Коридор ќе се развие систем на превоз што ќе придонесе кон зголемување на трговската размена меѓу Албанија, Македонија и Бугарија, односно подобрување на приодот и поврзување со соседните земји, во функција на подобрување на конкурентноста и развојот на економијата и комуникацијата со европските земји. Со рехабилитацијата на оваа делница ќе се придонесе кон подобрување на безбедноста при транспорт на луѓе и добра, заштеди во време, како и еколошки придобивки.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со донесување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација

на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка, може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Нема засегнати страни.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Податоци за финансиските услови на задолжување, начин и рок на отплата на заемот, надлежна институција која ќе го спроведува проектот.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни други дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

18.06.2012 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

На 26.06.2012 година.

Г. Ресурси

4. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?